Врз основа на Одлуката за свикување на Собрание на акционерите на Прилепска пиварница АД – Прилеп, бр.02-973/2 од 10.11.2017 година, Управниот одбор на Прилепска пиварница АД – Прилеп до акционерите објавува:

# П О В И К
## за учество на Собрание на акционери

Собранието на акционери на Прилепска пиварница АД – Прилеп ќе се одржи на ден 18.12.2017 година (понеделник) со почеток во 10,00 часот, во Ресторанот во седиштето на друштвото ул. "Цане Кузманоски" бр.1 Прилеп, со следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**Процедурален дел**

- Отворање на Седницата на Собранието
- Избор на Претседавач на Собранието
- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови

**Работен дел**

1. Носење на Одлука за ставање вон сила на одлуката донесена на Годишното собрание на акционери бр.02-466/11 од 29.05.2017 година за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2017 година
2. Носење на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2017 година.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Прилепска пиварница АД Прилеп, должен е да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се доставaт до седиштето на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп на ул."Цане Кузманоски" бр.1 Прилеп во Општ и правен сектор.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и информации за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп www.prilepskapivarnica.com.mk .

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна до 8 дена од денот на објавување на јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет-страница на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп www.prilepskapivarnica.com.mk**.**

Материјалите за Собранието на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп и дополнителни информации, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавување на овај повик, во седиштето на друштвото, во Правен сектор од 12.00 до 16.00 часот секој работен ден како и на официјалната интернет-страница на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп www.prilepskapivarnica.com.mk.

**УПРАВЕН ОДБОР**

_________________________